**Брошура за извоз**

# Насоки и совети за побрз и полесен извоз и настап на странски пазари



СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

МАСИТ
Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии

ОЕМVР

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

**Издавач:**
Стопанска комора на Македонија
„Димитрие Чуповски“ 13
Скопје

**Автори:**
Љупка Илиевска-Самарџиска,
Михајло Донев
М-р Сања Николова
Игор Тасевски
Лазо Ангеловски
Даниела Михајловска-Василевска

**Лектура:**
Станка Дамјановска

**Дизајн:**
Стево Серафимов

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

339.564(035)

НАСОКИ и совети за побрз и полесен извоз и настап на странски пазари : брошура за извоз / [автори Љупка Илиевска-Самарџиска ... и др.]. - Скопје : Стопанската комора на Македонија, 2019. - 38 стр. : илустр. ; 25 см

Други автори: Михајло Донев, Сања Николова, Игор Тасевски, Лазе Ангеловски, Даниела Михајловска Василевска

ISBN 978-608-66070-5-0
1. Илиевска-Самарџиска, Љупка [автор] 2. Донев, Михајло [автор] 3. Николова, Сања [автор] 4. Тасевски, Игор [автор] 5. Ангеловски, Лазе [автор] 6. Михајловска Василевска, Даниела [автор]
а) Странски пазари - Извоз - Прирачници
COBISS.MK-ID 110521354

Овој прирачник е подготвен со поддршка на американскиот народ, преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во оваа „Брошура за извоз со насоки и совети за побрз и полесен извоз и настап на странски пазари“ им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# Почитувани,

Иницијативата за изработка на Брошура за извоз која ќе преставува Прирачник за извозниците со насоки и совети за побрз и полесен извоз и настап на странски пазари, произлегува пред се од потребата да се поедностави постапката и времето кое деловните субјекти го трошат за транспорт и пласирање на дел или целото свое производство на пазарите надвор од границите на нашата земја.

Статистичките податоци покажуваат дека во Македонија извезуваат помалку од 3.400 компании, или помалку од 5% од вкупниот број на активни трговски друштва. Според големината на фирмите, дури 53% од извозните македонски фирми се микро фирми со помалку од 10 вработени, кои прават една третина од извозот. Најголем дел од извозот се прави кај големите извозни компании, кои вработуваат над 250 лица. Податоците покажуваат дека Македонија има само 103 големи извозни компании, што е 3% од вкупниот број на извозни фирми, а тие прават годишен извоз од близу три милијарди евра, или кај овие стотина големи извозници се создава близу 70% од вкупниот извоз на државата.

За справување со големата конкуренција на глобалниот пазар потребни се голем број навремени и точни информации за потенцијалните пазари каде се пласираат производите. Ако се има во предвид фактот дека еден од главните двигатели на растот покрај приватната потрошувачка и инвестициите е и извозот, тогаш за очекување е дека треба да се работи на поедноставување на извозните активности кои ќе придонесат до олеснувањето на трговијата, пред се од аспект на постоење сложени административни процедури. Во таа насока постои простор за подобрување во транспортот и логистиката кои можат да ги подобрат трговските перформанси, а испораката на стоки ќе ја направат полесна, побрза и побезбедна.

Прекуграничните тесни грла мора да се надминат за да се намалат трошоците и времето за транспорт, што директно ќе придонесе за конкурентноста на компаниите. Република Северна Македонија е земја без излез на море и оттаму е особено зависна од добро развиена транспортна мрежа. Еден од главните предизвици на земјата е да го намали растојанието до извозните пазари и да ги намали трошоците за транспорт кои согласно анализите и истражувањата направени и од најголемите светски финансиски институции укажуваат на големи застои на граничните премини.

*Со почит,*

*Од авторите*

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД** 5

**1. ПРЕВОЗ И ДИСТРИБУЦИЈА** 6
1.1. Оперативен и финансиски план 6
1.2. Транспортна логистика при извоз 7
1.2.1. Извозна документација – основни и дополнителни документи 9
1.2.2. Извозна документација пред испорака 9
1.2.3. Извозна документација по испорака 10
1.3. Incoterms® правила 11

**2. ЦАРИНСКИ ПРОЦЕДУРИ ПРИ ИЗВОЗ** 13
2.1. Процедури за царинење 13
2.2. Извозна постапка 14
2.3. Постапка за извозно царинење 15
2.4. Царински надзор 15
2.5. Поднесување извозна декларација 16
2.6. Поедноставени царински постапки 17

**3. МЕЃУНАРОДНИ ТРГОВСКИ ДОКУМЕНТИ** 19
3.1. Документи за надворешна трговија 21
3.2. Сертификати за потекло 22
3.2.1. Сертификати за потекло во светот 23
3.3. АТА-КАРНЕТИ 26
3.4. ТИР-карнети 28

**4. ФИНАНСИРАЊЕ** 29

**5. ДОГОВОРНИ ОДНОСИ ВО ПРОМЕТОТ НА СТОКИ И УСЛУГИ** 31
5.1. Трговски договор 31
5.2. Видови договори во меѓународното тргување 31

**6. УЧЕСТВО ВО НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКИОТ ПРОМЕТ** 33
6.1. Царински постапки 35

**7. СТАНДАРДИ** 36

**8. БАР КОДОВИ** 37

# ВОВЕД

## За кого е наменет прирачникот?

Овој прирачник има повеќе наменска функција и може да му послужи на секој стопански субјект кој има интерес да излезе од границите на земјата и да го продава својот производ на трети пазари.

Новите пазари претставуваат и нови предизвици. Едно е да се анализира и истражува дали да се извезува или не, кои се конкурентските предности на производот, дали ги исполнува стандардите, но сосема друго е да се познаваат процедурите за извоз и потребната документација за пренос на стоката од една во друга земја. Овие гранични постапки имаат и своја тежина, како од аспект на времето потребно за подготовка на документите, така и од аспект на времето што се троши за транспорт на стоката, а во кое време и трошоци влегува и чекањето на граничните терминали коешто учествува во креирањето на цената за транспорт.

Согласно содржината на Прирачникот, истиот нуди информации за начинот на кој може да се врши превозот и дистрибуцијата вклучително со вкупната потребна документација.

Прирачникот дава информација за потребните трговски документи што мора да ги поседува извозникот за непречено реализирање на извозната постапка. Прирачникот нуди информации и за начините на финансирање, како и за формите на договор, потребните стандарди за извоз и учеството во надворешно-трговскиот промет.

# 1.ПРЕВОЗ И ДИСТРИБУЦИЈА

## 1.1.Оперативен и финансиски план

*Оперативен план за извоз*




Оперативниот план за извоз е дел од секојдневниот менаџмент на тимот задолжен за спроведување на извозните активности. Истиот треба да даде одговор на неколку однапред дефинирани прашањата за секоја од операциите поврзани со продажбата на странски пазар и тоа: што треба да се преземе; од што зависи успехот на активноста; кој е одговорен; кога треба да биде се` подготвено и како да се надминат можните пречки, односно проблеми?



*Финансиски план за извоз*

За да се обезбеди финансиска стабилност и сигурност, неопходно е развивање на финансиски план кој треба да ги предвиди сите трошоци поврзани со извозот, заедно со двегодишен или тригодишен буџет со кој ќе се покријат трошоците, како и капитален буџет. Капиталниот буџет служи за проценка на трошоците и добивката согласно извозните цели, а истовремено претставува индикатор за мерење на расходите и приходите.

За да се спречи непланирано надминување на трошоците кои произлегуваат од извозните активности, потребна е постојана синергија помеѓу оперативниот и финансискиот план. Важно е да се знае дека финансискиот план е еден од документите кои се предмет на разгледување од страна на банките и другите финансиски институции при аплицирање за финансиска поддршка при набавка на средства поврзани со извоз.

## 1.2.Транспортна логистика при извоз

**Транспортот** го вклучува движењето на стоките и услугите, вклучувајќи ја испораката на суровини на производителот и движењето на готовиот производ до купувачот.

**Логистиката** претставува управување со товарот, складирање на материјали, управување со производите и средствата. Логистиката исто така го вклучува и **пакувањето на производи** за складирање и испорака.

**Пакувањето** на производите е значајно од аспект на осигурување дека истите ќе стигнат безбедно до нарачателот, односно купувачот. Тоа значи производите да бидат добро спакувани, заштитени механички од други оштетувања. Важно е на пакувањето да бидат означени општите карактеристики, нето и бруто тежината, дестинацијата до која патува, адреса на испраќачот или на шпедитерот, адреса на пристаништето или железничкиот/авионскиот терминал, како и ознаки за предупредување при ракувањето со производот.

**Ознаките и етикетите** наведени на пакувањето мора да бидат усогласени со назначените во товарниот лист. Пакувањето мора да биде приспособено и на климатските зони низ кои се движи производот во текот на транспортот, како и на правилата пропишани од државата која е финалната дестинација на

производот. Деталното означување на производот и неговите карактеристики им овозможува на потрошувачите да го направат вистинскиот избор при купувањето. Означувањето треба да ги вклучи сите зборови, детали, заштитни знаци, марки, сликовен материјал или симболи кои се однесуваат на производот.

**Осигурувањето** на производите е уште еден елемент на кој треба да се обрне внимание. При потпишување на договорите за извоз потребно е да се прецизира во кој момент од дистрибуција чија одговорност за производот престанува. Карго осигурувањето нуди заштита од дистрибутивните ризици при бродски, воздушен и сувоземен превоз на производите, особено доколку при превозот се користи комбинација на различни средства.

**Организацијата на транспортот и начинот на превоз** зависи од повеќе фактори согласно што може да се користат три основни начини на превоз:

- превоз по вода (поморски превоз, превоз по реки, канали и езера) – во најголем број случаи е најекономичен (за производи со нестандардна големина) и истовремено најбавен начин на транспорт;
- превоз по копнен пат (патен, железнички, цевководи): патниот превоз најчесто се користи за достава до карго аеродроми или поморски пристаништа, како и за континентален превоз. И железничкиот превоз се користи за континентален превоз и многу често е економски поисплатлив од патниот, но истовремено и побавен, на што во голема мера влијае и квалитетот на инфраструктурата;
- воздушен превоз, претставува најбрз и најскап облик на превоз, прикладен за превоз на голема оддалеченост и кога производите брзо се расипуваат или е потребно итно да се достават.

### 1.2.1. Извозна документација – основни и дополнителни документи

Извозните активности вклучуваат и обемна извозна документација. Некои документи се потребни за извоз во која било земја, додека пак други може да бидат потребни за одреден тип на производи или пак да се бараат само во одредени земји. **Извозната документација треба да биде точна и прецизна затоа што дури и мал пропуст некогаш може да претставува проблем при испорака на стоката, предизвикувајќи заплена на стоката од страна на локални или надлежни институции на увозниот пазар.** Подготовката на извозната документација најчесто ја прават специјализирани лица и компании – шпедитерите, односно шпедиции, но извозникот ја сноси крајната одговорност поврзана со несоодветната документација.

**Извозната документација се класифицира во две категории:**

### 1.2.2.Извозна документација пред испорака која содржи:

- фактура;
- листа за пакување (за секој контејнер или палета);
- царинска декларација;
- акредитив;
- товарен лист (целокупен пакет на документи);
- извозни дозволи;

- сертификат за потекло;
- сертификат за инспекција (ветеринарни и фитосанитарни уверенија);
- останати документи (согласно барањата на акредитивот или на царинските власти).
- 

### 1.2.3.Извозна документација по испорака:

- фактура заверена од страна на царинската служба;
- заверена листа за пакување од страна на царинската служба;
- копија од порачката/акредитивот;
- фактура;
- извозна дозвола;
- товарен лист;
- сертификат за потекло;
- сертификат за извршена инспекција (доколку е побаран);
- товарен лист - оригинал (железнички – CIM или бродски-коносман, патен превоз – CMR или TIR);
- извозна декларација (копија);
- останати документи, во согласност со наведените барања во акредитивот.

**Голем дел од потребната документација по испорака вклучува заверени копии од истите документи кои се подготвуваат пред испорака, а дополнително се доставуваат и документи кои потврдуваат дека испораката е извршена**

**адекватно и дека целокупната барана документација е комплетна и точна.**

Царинските документи се изготвуваат во согласност со стандардите на Светската царинска организација. За време на царинската постапка се користат документите пропишани од конвенциите TIR и ATA, единствен царински документ – ЕЦД, како и стандардизираните национални документи.

Во зависност од видот на стоката која е предмет на извоз, може да бидат потребни и дополнителни документи. При извоз на животни, стоки од животинско потекло и нивни преработки, но и семиња, растенија и производи од растително потекло задолжително е да се има **уверение за ветеринарна и фитосанитарна исправност. Атест** на производот служи како доказ дека истиот ги задоволува пропишаните или бараните стандарди од страна на увозникот.

## 1.3.Incoterms® правила

Секој извозник потребно е да знае дека при извоз на стоки и услуги треба да се применуваат Incoterms® правилата на Меѓународната стопанска комора (International Chamber of Commerce - ICC) со цел спречување на различно толкување на условите презентирани во понудата на извозникот, односно обврските на секоја од страните во извозно-увозната зделка.



Incoterms® правилата се меѓународно препознаени и прифатени како стандард за меѓународна трговија и истите редовно се ажурираат во согласност со промените во пазарните услови.

Вклучувањето на Incoterms® клаузулите (паритети) во договорите за купопродажба значително ја намалуваат можноста за недоразбирања кои би можеле да доведат до правни компликации. Со нив се утврдуваат обврските на секоја страна, односно која страна од договорот има обврска да го организира превозот или осигурувањето, кога продавачот ја испорачува стоката на купувачот и која страна е одговорна за трошоците. Притоа треба да се има предвид дека Incoterms® не го покриваат преносот на сопственост над стоката.

Моментално на важност се правилата Incoterms® 2010 кои започнаа да се употребуваат од 2011 година и ќе важат до 2021 година. Некои од правилата се однесуваат на кој и да било вид или видови на транспорт, додека пак други се однесуваат само за поморски транспорт и транспорт по внатрешни водени патишта.

*Табела 1: Преглед на Incoterms 2010 клаузули*

| | Rules for any mode or modes of transport | | | | | | | Rules for sea and inland waterway transport | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | EXW | FCA | CPT | CIP | DAT | DAP | DDP | FAS | FOB | CFR | CIF |
| | Ex Works | Free Carrier | Carriage Paid To | Carriage & Insurance Paid To | Delivered at Terminal | Delivered at Place | Delivered Duty Paid | Free Alongside Ship | Free on Board | Cost & Freight | Cost, Insurance & Freight |
| **SERVICES** | *Who Pays* | *Who Pays* | *Who Pays* | *Who Pays* | *Who Pays* | *Who Pays* | *Who Pays* | *Who Pays* | *Who Pays* | *Who Pays* | *Who Pays* |
| Export Packing | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller |
| Marking & Labeling | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller |
| Block and Brace | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Export Clearance (License, EEI/AES) | Buyer | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller |
| Freight Forwarder Documentation Fees | Buyer | Buyer | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Buyer | Buyer | Seller | Seller |
| Inland Freight to Main Carrier | Buyer | 2 | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller |
| Origin Terminal Charges | Buyer | Buyer | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Buyer | Seller | Seller | Seller |
| Vessel Loading Charges | Buyer | Buyer | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Buyer | Seller | Seller | Seller |
| Ocean Freight / Air Freight | Buyer | Buyer | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Buyer | Buyer | Seller | Seller |
| Nominate Export Forwarder | Buyer | Buyer | Seller | Seller | Seller | Seller | Seller | Buyer | Buyer | Seller | Seller |
| Marine Insurance | 3 | 3 | 3 | Seller | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | Seller |
| Unload Main Carrier Charges | Buyer | Buyer | 4 | 4 | Seller | Seller | Seller | Buyer | Buyer | 4 | 4 |
| Destination Terminal Charges | Buyer | Buyer | 4 | 4 | 4 | Seller | Seller | Buyer | Buyer | 4 | 4 |
| Nominate On-Carrier | Buyer | Buyer | 5 | 5 | 5 | 5 | Seller | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer |
| Security Information Requirements | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer |
| Customs Broker Clearance Fees | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer | Seller | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer |
| Duty, Customs Fees, Taxes | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer | Seller | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer |
| Delivery to Buyer Destination | Buyer | Buyer | 5 | 5 | 5 | 5 | Seller | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer |
| Delivering Carrier Unloading | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer | Buyer |

# 2. ЦАРИНСКИ ПРОЦЕДУРИ ПРИ ИЗВОЗ

## 2.1.Процедури за царинење

Извозот на стоки од Република Северна Македонија се врши согласно Законот за царина и Уредбата за примена на царинскиот закон. Со постапката на извоз, царинскиот орган одобрува домашните производи да се изнесат од царинското подрачје на нашата земја. Извозот вклучува примена на формалности за извоз и изнесување, мерки на трговската политика, а ако е пропишано и плаќање на извозни давачки. Со извоз, извезената домашна стока го менува статусот во странска стока.

Процедурата за извоз на производи ги опфаќа следните царински постапки:

- конечен извоз, односно продажба на производи;
- извоз на производи кои се добиени од истоветна стока во постапка на увоз за облагодарување (систем на одложено плаќање), пред увозната стока да биде ставена во постапка;
- привремен извоз во постапка на извоз за облагодарување – извоз на производи кои се наменети за доработка и враќање во изменета состојба;
- привремен извоз за враќање на производите во непроменета состојба – извоз наменет за саеми, опрема која се користи за организација на настани, постигнување договори и др. и
- ре-експорт - извоз на производи кои биле увезени или извоз на производи кои претходно биле складирани.

## 2.2. Извозна постапка

Извозната постапка може да ја спроведува извозникот или неговиот царински застапник, односно шпедитер, со полномошно дадено од извозникот. Лицето кое ќе ја спроведува извозната постапка треба да има соодветно одобрение за вршење работи за застапување во царински постапки, коешто го издава Царинската управа на Република Северна Македонија.




Предноста на користење царински застапник (шпедитер) за спроведување на царинските постапки е во тоа што овие специјализирани лица имаат познавање на законските и подзаконските акти неопходни за исправно и навремено завршување на процедурите, континуирана комуникација со надлежните царински служби и големо искуство во работата.

За да може царински застапник (шпедитер) да го застапува извозникот во спроведувањето на царинските постапки, потребно е да има полномошно, кое го има во повеќе видови:

- директно полномошно - застапникот презема дејствија во име и за сметка на друго лице, но шпедитерот не презема одговорност при евентуално настанување на царински долг;
- индиректно полномошно – застапникот презема дејства во свое име, но за сметка на друго лице и при евентуално настанување на царински долг и шпедитерот и извозникот преземаат одговорност.

## 2.3. Постапка за извозно царинење

За производите кои се извезуваат се поднесува царинска декларација. Домашните производи пријавени за извоз се наоѓаат под царински надзор од моментот на приемот на царинската декларација па се`до изнесувањето од царинското подрачје на Република Северна Македонија, со цел предметните производи да останат во иста состојба (вид и количина) во која се наоѓале во моментот на прифаќање на извозната царинска декларација.

## 2.4. Царински надзор

Производите коишто се ставени во царинска постапка не се пуштаат во извоз, доколку не се пломбирани. Транспортните средства, во коишто се наоѓа стоката за извоз, може да се прифатат како погодни за пломбирање само доколку:

- пломбите можат да се наместат на нив на едноставен и ефикасен начин;
- се конструирани за стоката да не може да биде отстранета или внесена без да се остават траги или да се оштетат пломбите;
- да не постојат тајни простории каде што би можела да се скрие стоката, односно просторот наменет за товарот да е лесно пристапен за проверка од страна на царинскиот орган.

Секое патничко возило, приколка, полуприколка или контејнер, одобрен за превоз под царинска пломба согласно Конвенцијата ТИР се смета за погодно за пломбирање.

Појдовната царинска испостава може да се откаже од

пломбирање доколку со примена на други мерки стоката може веднаш и лесно да се идентификува според нејзиниот опис даден во извозната декларација или нејзините придружни документи.

Описот на стоката може да придонесе за идентификација на стоката, кога тој е доволно прецизен за да може да се обезбеди лесна идентификација на количината и видот на стоката.

## 2.5. Поднесување извозна декларација

Извозната декларација се поднесува во писмена форма на образец ЕЦД. Извозник е лице со седиште во Република Северна Македонија во чие име е поднесена царинска декларација и кој е сопственик на стоката или има слични права за располагање со неа во моментот на прифаќање на декларацијата. Кога сопственоста или слични права на располагање со стоката припаѓаат на лице со седиште надвор од Република Северна Македонија согласно договорот на кој е заснован извозот, за извозник се смета договорната страна со седиште во Република Северна Македонија.




Извозната декларација се поднесува кај царинската испостава која е надлежна за надзор на местото каде што

извозникот е регистриран или местото каде што се врши пакување или товар на стоката за извоз. Ако стоката се извезува преку железница, пошта, воздух или по воден пат, царинскиот орган при излез е оној орган во којшто се презема стоката под еден транспортен договор, за транспорт во друга земја од страна на изведувач на железничка компанија, поштенски служби, авио или езерски компании.

За стока извезена по цевководи или за електрична енергија, царински орган при излез е оној орган кој е определен од страна на Царинската управа.

Ако стоката се извезува со други средства или околности кои не се погоре наведени (патен сообраќај), царински орган при излез е последниот орган пред стоката да го напушти царинското подрачје на Република Северна Македонија.

## 2.6. Поедноставени царински постапки

За да се обезбеди непречен и брз проток при извозот, може да се користат и поедноставените царински постапки, односно локално царинење. Со овие постапки се овозможува побрзо и поефикасно завршување на извозните формалности, во просториите на извозникот.

За да се употребуваат поедноставените постапки потребна е транспарентна и следлива евиденција која овозможува лесен и ефикасен царински надзор врз спроведените увозни и извозни постапки, да не се поднесуваат декларации само повремено, да бидат исполнети одредбите за забрани и ограничувања, односно мерки на трговска политика, да не се извршени тешки или повеќекратни прекршувања на царинските и даночните прописи.

За таа цел, **Царинската управа на Република Северна Македонија има изготвено <u>Упатство за поедноставени</u>**

**<u>постапки</u>.**

***(http://www.customs.gov.mk/index.php/mk/biznis-zaednica-mk/carinski-postapki/poednostaveni-postapki)***

Една од формите на поедноставени царински постапки е добивањето статус на **Овластен економски оператор - ОЕО**, кој се дефинира како економски оператор кој во целост е сигурен во поглед на исполнување на сите поврзани царински операции и затоа има право на поволности во рамките на царинското подрачје на Република Северна Македонија, а во случаи на постоење договори за взаемно признавање на одобрениот статус кои Република Македонија ги склучила со други земји, поволности во рамките на склучените договори. Статусот ОЕО може да се одобри на секој економски оператор кој исполнува одредени заеднички критериуми кои се дефинирани во **<u>Прирачникот за овластен економски оператор</u>**.

***(http://www.customs.gov.mk/index.php/mk/biznis-zaednica-mk/aeo-mk)***



# 3. МЕЃУНАРОДНИ ТРГОВСКИ ДОКУМЕНТИ

Документите во надворешната трговија кои се применуваат во Република Северна Македонија се во согласност со стандардите на УНКТАД (Конференција на Обединетите нации за трговија и развој), Светската царинска организација и стандардни национални документи, каде важат начелата за недискриминација во трговијата, начелото за транспарентност и предвидливост на трговските политики и начелото за натамошна либерализација и се` полесен пристап на пазарите. Врз основа на овие начела и клаузули прифатени се спогодби со кои се унифицираа надворешно-трговските прописи во сите земји потписнички, за поголема транспарентност и намалување на правните бариери, од една стана, и намалување на можностите за ограничување на увозите со користење на т.н. нецарински бариери од друга страна. Во овие спогодби спаѓаат:

- Спогодбата за антидампинг;
- Спогодбата за технички пречки во трговијата;
- Спогодбата за царински вредности; Спогодбата за правилата за потекло на стоките; Спогодбата за постапките за издавање увозни дозволи;
- Спогодбата за субвенциите;
- Спогодбата за санитарните и фитосанитарните мерки.

Одделни региони во светот имаат посебни спогодби со кои земјите потписнички на тие спогодби ги уредуваат меѓусебните односи со уште полиберални начела и одредби, како АСЕАН, НАФТА, ЦЕФТА, ЕУ и други.

Европската унија е единствен најголем трговски пазар во светот. Унијата е атрактивна за бизнис затоа што сите земјите-членки имаат направено  усогласување на законодавството за водење бизнис, ги имаат ратификувано трговските договори, таксите и царинските регулативи. За македонските компании кои имаат за цел да ја интернационализираат својата деловна активност, може слободно да се констатира дека тргувањето на пазарите во земјите-членки со Европската унија е еден од најлесните делови од светот за отпочнување на продажбата на производите и услугите.

При секоја фаза на царинските процедури се користат стандардизирани трговски и транспортни документи, поделени во групи:

- **Стандардизирани меѓународни документи**: Единствен царински документ (ЕЦД); Декларација за царинската вредност; Пакинг листа; транспортни и комерцијални исправи и сметководствени записи кои можат да ги заменат основните царински документи;
- **Документи предвидени во Конвенцијата за меѓународен превоз на стоки** (ТИР) и **Меѓународната конвенција за привремен увоз/извоз на стоки** (АТА);
- **Стандардизиран национален документ** - Декларација, која може да се користи во одделни случаи кога транспортниот документ не може да биде прифатен.

Видот и бројот на документите кои ја следат стоката во надворешно-трговското работење зависат од нејзините специфики, законската регулатива на земјата-увозник, како и барањето на купувачот. Доколку недостасува кој и да било документ, постапката може да се забави, дури и да го оневозможи извозот, односно увозот.

## 3.1. Документи за надворешна трговија

Вообичаените меѓународни документи усвоени во законодавството на земјите во светот и во праксата на компаниите се:

- договори со партнерот;
- трговски документи;
- транспортни документи;
- документи за осигурување и
- царински документи.

Трговските документи ја следат стоката од местото на извоз до крајното одредиште и најчесто се однесува на описот на производите кои се извезуваат. Во групата трговски документи се вбројуваат следните документи:

- **Трговска фактура** - тоа е пресметка која ја издава тој што ја продава стоката/производот и истата ги содржи следните документи:
    1. датум на издавање и број на договорот на којшто се однесува фактурата;
    2. количина на стоката;
    3. опис и карактеристика на стоката;
    4. единечна цена изразена во договорената валута и единица мерка;
    5. вкупна вредност на стоката во договорената валута;
    6. број на профактури кои купувачот претходно ги одобрил;
    7. назив на местото на извоз и ознака на транспортни средства со кои стоката ќе биде

пренесена;

8. паритет во согласност со договорените одредби од Инкотермс и
9. инструкции за плаќање на стоката.

Останатите елементи на фактурата зависат од видовите на стока пропишани со договорот.

- **фактура;**
- **профактура;**
- **спецификација на стоката;**
- **сертификат за квалитет;**
- **испратница.**

## 3.2. Сертификати за потекло

Сертификатите за потекло се меѓународни трговски документи што се користат за да се одреди потеклото на стоките за службени, комерцијални и финансиски потреби и причини. Практично, секоја земја во светот го зема предвид потеклото на увезените стоки кога треба да се одреди какви должности и обврски произлегуваат од стоките или во некои случаи дали воопшто може легално да се увезат тие стоки. Сертификатите за потекло потврдуваат дека стоките во одредена пратка се целосно добиени, произведени, изработени и преработени во одредена земја, односно земја на потекло.

Во оваа група на документи припаѓаат:

- комерцијалниот непреференцијален сертификат за потекло Certificate of origin и
- преференцијалниот сертификат за потекло **FORM A**.

Со потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Северна Македонија и Европските заедници и нејзините земји-членки, издавањето на сертификатите ЕУР 1, премина во надлежност на Царинската управа на Република Северна Македонија. Оваа постапка беше воведена и во сите други поранешни југословенски републики.

Партнерството меѓу Светската стопанска комора (ICC WCF) со Светската царинска организација (WCO) датира од 1950 година и дополнително беше зајакнато со Меморандум за разбирање (MOU), потпишан во јуни 1996 година во Хонг Конг. ICC тесно соработува со Царината преку трговските WCF олеснителни активности – АТА карнет, Сертификат за потекло (CO), како и Полисата ICC и работи за застапување на интелектуалната сопственост, фалсификување и пиратерија и даноци и прашања поврзани со транспортот.

### 3.2.1. Сертификати за потекло во светот

**Коморите играат значајна улога како доверливи трети страни, кои носат сигурност, интегритет, неутралност и непристрасност во издавањето сертификати за потекло. Во светот околу две илјади стопански комори доставуваат повеќе од 12 милиони сертификати за потекло годишно!** Сертификација е огромна одговорност за која коморите добиваат овластување од владите во секоја земја. Според Светското истражување за сертификатите за потекло за 2009 година, електронските сертификати за потекло се признати од страна на националните органи на 29 земји во светот.

Доколку Комората има некакво сомневање во точноста на сертификатот за потекло, таа не е обврзана ниту должна да го издаде сертификатот. Доколку има некакви случаи на измама, треба да бидат известени соодветните органи. Во такви случаи мора да се следи насоката на Светската коморска федерација за

сертификатите за потекло.



1. Goods consigned from (Exporter's business name, address, country)

Reference M 0000000

GENERALISED SYSTEM OF PREFERENCES

CERTIFICATE OF ORIGIN
(Combined declaration and certificate)

FORM A
Issued in REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

See Notes overleaf

2. Goods consigned to (Consignee's name, address, country)

3. Means of transport and route (as far as known)

4. For official use

| 5. Item number | 6. Marks and numbers of packages | 7. Number and kind of packages; description of goods | 8. Origin criterion (see Notes overleaf) | 9. Gross weight or other quantity | 10. Number and date of invoices |
|---|---|---|---|---|---|

11. Certification
It is hereby certified, on the basis of control carried out, that the declaration by the exporter is correct.

Place and date, signature and stamp of certifying authority

12. Declaration by the exporter
The undersigned hereby declares that the above details and statements are correct, that all the goods were

produced in
(country)
and that they comply with the origin requirements specified for those goods in the Generalised System of Preferences for goods exported to

(importing country)

Place and date, signature of authorised signatory



Формата на сертификатите за потекло е иста во сите земји-членки на ЕУ, меѓутоа се разликува бројот на примероци согласно јазикот кој се користи во земјата. На пример, Комората во Барселона го обезбедува сертификатот на пет јазици, во Франција сертификатот е на два јазика.

Сертификатите за потекло имаат различни цени, одредени од страна на секоја стопанска комора и се разликуваат од земја до земја. Прашањата за цените се опфатени во Светската коморска федерација WCF - Оддел за соработка за сертификати за потекло. На пример, во некои земји со јавно-правни комори, цените може да бидат значително помали отколку во приватно -правните комори. Во одредени земји, царините ја имаат одредено правно цената што може да биде наплатена за сертификати за потекло.

Италија и Велика Британија имаат поинакво искуство од стандардните постапки во сите земји членки на ЕУ. Италијанските правила не ја прифаќаат декларацијата за потекло како доказ за не - ЕУ потекло и само го признаваат не - ЕУ сертификатот за потекло (издаден од не - ЕУ организации) или царинење. Во Велика Британија се прифаќа декларацијата за потекло на снабдувачот, во отсуство на не-ЕУ сертификат за потекло, но

декларацијата треба да биде заверена од нотар или слично.

Во Турција нема розева копија на сертификатите. Има трипликат од сертификати за потекло којшто се користи во Турција и на кој само првата страна е зелена, останатите се бели. Локалните комори во Турција бараат придружни документи, како што е извештајот за капацитетот на производителот за да се докаже дека производителот може да го произведе тој производ.


1. Consignor (Извозник)
No. 0000000
(Место предвидено за број на издавање)
ORIGINAL
(Оригинал)
2. Consignee (Примач)
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
(РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА)
CERTIFICATE OF ORIGIN
(СЕРТИФИКАТ ЗА ПОТЕКЛО)
3. Country of Origin (Земја на потекло)
4. Transport details (Optional)
(Поединости за транспорт (по избор))
5. Remarks (Забелешки)
6. Item number: marks, numbers, number and kind of packages: description of goods
(Број на предмети: знаци, броеви, број и вид на пакување; опис на стоките)
7. Quantity
(Количина)
8. THE UNDERSIGNED AUTHORITY CERTIFIES THAT THE GOODS DESCRIBED ABOVE ORIGINATE IN THE COUNTRY SHOWN IN BOX 3
(Долупотпишаниот орган потврдува дека стоките опишани погоре се со потекло од земјата наведена во рубрика 3)
Place and date of issue, name, signature and stamp of competent authority
(Место и датум на издавање, назив, потпис и печат на надлежниот орган)
SPECIMEN

Придобивките од користењето на арапскиот сертификат е што нуди сигурност дека ќе се исполнат сите барања за увоз на стоки. Здружените арапски сертификати се соодветни за секој извоз во земји од арапската лига, но ако барателот бара ЕУ-сертификат за извоз во арапска земја, барателот треба да потпише писмо за обештетување за Комората (може да обезбеди текст, ако е потребно) пред да го употреби ЕУ-сертификатот.

Перу, како корисник на Швајцарската шема на преференции, издава сертификат за потекло форма А за производи со потекло. Во графата 12 од Форм А се укажува на земјата (Перу) каде што производот бил произведен и тоа значи дека е во согласност со потеклото.

Канада ја прифаќа извозната фактура обезбедена од барателот, како доволен доказ за потекло. Во отсуство на извозната фактура се бара друг автентичен документ, како што е прекуокеанскиот (странски) сертификат за потекло од прекуокеанските (странските) стопански комори, каде што се произведени стоките.

### 3.3. АТА-КАРНЕТИ

АТА-карнет е едноставен меѓународен царински документ кој се користи за поедноставување на привремениот увоз во странска земја, со рок на важење од една година. Поедноставувањето на царинската постапка е со користење на една единствена исправа за сите царински трансакции (привремен извоз, транзит, привремен увоз, повторен извоз и повторен увоз). Плаќањето царини и други давачки, даноци или положување депозит, што е вообичаено кај привремениот увоз во поедини земји, станува непотребно. Важноста на АТА-карнетот до една година овозможува негово повеќекратно користење за привремен увоз во една или повеќе земји-членки на АТА синџирот.

За царината АТА-карнетот значи помалку администрација и сигурност дека ќе ги наплати увозните давачки, доколку не дојде до повторен извоз. АТА-карнетите што ги издава Стопанската комора на Македонија важат за сите 78 земји во светот што ја прифатиле Меѓународната конвенција за привремен увоз од Европа, Америка, Азија и Африка.

**Корисник на АТА-карнетот се компаниите, трговците, излагачи на саеми, трговски патници и деловни луѓе кои сакаат да ги прошират своите пазари, да ги унапредат деловните контакти и да ја зголемат конкурентноста на странските пазари претставувајќи ги своите мостри, користејќи професионална и научна опрема, педагошки**

**материјал и сл.**


Issuing Association
CHAIN
Асоцијација којашто издава
СИНЏИР

Economic Chamber of Macedonia
Стопанска комора на Македонија

INTERNATIONAL GUARANTEE
МЕЃУНАРОДЕН ГАРАНТЕН

ICC WCF

International Chamber of Commerce
World Chambers Federation

A.T.A. КАРНЕТ /A.T.A. CARNET
ЗА ПРИВРЕМЕН УВОЗ НА СТОКИ
FOR TEMPORARY ADMISSION OF GOODS
CUSTOMS CONVENTION ON THE A.T.A. CARNET FOR THE TEMPORARY ADMISSION OF GOODS
КОНВЕНЦИЈА ЗА ПРИВРЕМЕН УВОЗ /CONVENTION ON TEMPORARY ADMISSION

ATA КАРНЕТ / ATA CARNET

A. ИМАТЕЛ И АДРЕСА /HOLDER AND ADDRESS

G. ЗА УПОТРЕБА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА КОЈАШТО ГО ИЗДАВА/ FOR ISSUING ASSOCIATION USE
ПРЕДНА СТРАНА/FRONT COVER

a)КАРНЕТ Бр. CARNET No MK

Број на додатни листови : Number of continuation sheets

B. ПРЕТСТАВУВАН ОД / REPRESENTED BY*

b)ИЗДАДЕН ОД/ ISSUED BY
Economic Chamber of Macedonia
Стопанска комора на Македонија

C. ЦЕЛ НА УПОТРЕБА НА СТОКАТА / INTENDED USE OF GOODS

c) СО ВАЖНОСТ ДО / VALID UNTIL
/ /
година year | месец month | ден(заклучно) day (inclusive)

P. Овој Карнет може да се користи во следните земји/ Царински територии под гаранција на следните асоцијации наведени на страна 4 : /This carnet may be used in the following countries/Customs territories under the guarantee of the associations listed on page four of the cover:

| | | |
|---|---|---|
| ALBANIA (AL) | HUNGARY (HU) | MEXICO (MX) |
| ALGERIA (DZ) | ICELAND (IS) | NEW ZEALAND (NZ) |
| ANDORRA (AD) | INDIA (IN) | NORWAY (NO) |
| AUSTRALIA (AU) | IRAN (IR) | PAKISTAN (PK) |
| AUSTRIA (AT) | IRELAND (IE) | POLAND (PL) |
| BELARUS (BY) | ISRAEL (IL) | PORTUGAL (PT) |
| BELGIUM/LUXEMBOURG (BE) | ITALY (IT) | ROMANIA (RO) |
| BOSNIA AND HERZEGOVINA (BA) | JAPAN (JP) | RUSSIA (RU) |
| BRAZIL (BR) | KOREA (KR) | SENEGAL (SN) |
| BULGARIA (BG) | LATVIA (LV) | SERBIA (CS) |
| CANADA (CA) | LEBANON (LB) | SINGAPORE (SG) |
| CHILE (CI) | LITHUANIA (LT) | SLOVAK REPUBLIC (SK) |
| CHINA (CN) | MACAO (MO) | SLOVENIA (SI) |
| CHINESE TAIPEI (TW) | NORTH MACEDONIA (MK) | SOUTH AFRICA (ZA) |
| IVORY COAST (CI) | MALAYSIA (MY) | SPAIN (ES) |
| CROATIA (HR) | MALTA (MT) | SRI LANKA (SL) |
| CYPRUS (CY) | MAURITIUS (MU) | SWEDEN (SE) |
| CZECK REPUBLIC (CZ) | MOLDOVA (MD) | SWITZERLAND (CH) |
| DENMARK (DK) | MONGOLIA (MN) | THAILAND (TH) |
| ESTONIA (EE) | MONTENEGRO (ME) | TUNISIA (TN) |
| FINLAND (FI) | MOROCCO (MA) | TURKEY (TR) |
| FRANCE (FR) | NETHERLANDS (NL) | UKRAINE (UA) |
| GERMANY (DE) | INDONESIA (ID) | QATAR (QA) |
| GIBRALTAR (GI) | KAZAKHSTAN (KZ) | UNITED ARAB EMIRATES (UAE) |
| GREECE (GR) | KINGDOM OF BAHRAIN (BH) | UNITED KINGDOM (GB) |
| HONG KONG, China (HK) | MADAGASCAR (MG) | UNITED STATES (US) |

Имателот на овој Карнет и неговиот претставник ќе бидат одговорни да се усогласат со законот и одредбите на земјите/Царински територии извозници и увозници./ The holder of this Carnet and his representative will be held responsible for compliance with the laws and regulations of the country/Customs territory of departure and the countries/Customs territories of importation.

H. СЕРТИФИКАТ ЗА ЦАРИНА ПРИ ИЗЛЕЗ / CERTIFICATE BY CUSTOMS AT DEPARTURE

a) Знаци за идентификација се ставаат каде што е назначено во колона 7 во следната ставка No(s) од Главната листа./Identification marks have been affixed as indicated in column 7 against the following item No(s) of the General List

b) ПРЕГЛЕДАНА СТОКА/ GOODS EXAMINED*
Да/Yes ☐ Не/No ☐

c) Регистрирана под референтен Бр./Registered under Reference No.*

d) / /
Царинарница Customs Office | Место Place | Дата(год/.месец/ден) Date (year/month/day) | Потпис и печат Signature and Stamp

* Ако е потребно / If applicable

I. Потпис на овластено лице и печат на Асоцијацијата којашто издава/Signature of authorised official and Issuing Association stamp

Skopje,
/ /
Место и дата на издавање(год./месец/ден) Place and Date of Issue (year/month/day)

J.
X X
Потпис на сопственикот/Signature of Holder

Со АТА-карнет се служат и архитектите, хирурзите, инженерите, сликарите, музичарите, актерите, кинолозите, одгледувачите на коњи и многу други. Во досегашната триесетгодишна примена АТА-карнетот се покажа како незаобиколен инструмент за штедење времеипари.Сопомошна АТА-карнет привремено се увезува стока за широка потрошувачка: компјутери, алати, камери, видео и канцелариска опрема, облека, слики, ласери, индустриски и земјоделски машини и алати и сл. На ист начин можат привремено да се увезат тркачки коњи, расни кучиња, музички инструменти, театарска опрема и костими.

**Врз основа на АТА-карнет не смее да се увезе стока што лесно се расипува, стока наменета за преработка, обработка или поправка.** Привремениот увоз на стока врз основа на АТА-карнет се однесува на стока која ќе биде повторно извезена во иста состојба, во каква што била и увезена.

Карнетите кои повеќе нема да се употребуваат, или на кои им завршил рокот на важење, задолжително мораат да се вратат во Комората со сите искористени и неискористени листови.

## 3.4. ТИР-карнети

Конвенцијата за меѓународен превоз на стоки (Конвенција за ТИР – „Transports Internationaux Routiers“ или „Меѓународен патен транспорт“), е мултилатерален договор, кој овозможува да се поедностават и усогласат административните формалности на меѓународниот патен транспорт. ТИР Конвенцијата воспоставува меѓународен царински транзитен систем со максимална можност за пренос на стоки. Транспортот се реализира во запечатени возила или контејнери; од појдовната царинска испостава во една земја до одредишната царинска испостава во друга земја, без да се бараат екстензивни и долготрајни гранични проверки на среднорочни граници. Истовремено, на царинските органи им се обезбедуваат потребните гаранции.

Системот ТИР не само што го покрива царинскиот транзит по пат, туку комбинација е можна и со други начини на транспорт, како, железнички, внатрешен воден и поморски транспорт.



# 4. ФИНАНСИРАЊЕ

При извоз, компаниите обично се среќаваат со прашањата: кога да се бараат дополнителни средства; кои извори на финансирање се достапни и под кои услови? Често поставувано прашање е и како да се обезбеди заштита од ризик?

Една од опциите за обезбедување средства е **кредитирање** преку банкарските финансиски институции на домашниот пазар, за што е потребно да се подготви финансиски план и да постои јасен преглед на приливот и одливот на средства.

Во извозните зделки многу често се користи - **документарен акредитив**, кој има долга историја на примена во меѓународната трговија и се смета за еден од најбезбедните инструменти за наплата на побарувања во меѓународните зделки. Акредитивот им обезбедува еден вид гаранција и сигурност на извозникот и увозникот, бидејќи и двете страни се потпираат на банки коишто се задолжени за проверка на целосната документација и услови за испорака и ја гарантираат исплатата на средства. Од тие причини, при склучување нова зделка со нови клиенти, акредитивот е еден од најсигурните начини за реализација на извоз, но и наплата во исто време.

При постапка на **документарна наплата**, по испорака на производите, извозникот доставува налог до својата банка за да ја достави на банката на увозникот целокупната извозна документација, со барање истата да биде презентирана на увозникот со цел навремена наплата. При поднесување на документите, извозникот е должен да ги назначи времето и условите под кои документацијата треба да биде приложена на увозникот. Покрај документацијата за наплата, извозникот до банката го доставува и товарниот лист – коносман, на којшто јасно е назначено дека истите се на товар на купувачот на стоката. Банката на извозникот ја проследува целокупната

документација до банката на клиентот/увозникот.

Во многу случаи увозникот од извозникот може да побара понуда со определени услови на кредитирање, односно **одложено плаќање**. Побарувачката за производот на извозникот, цената на производот и оценката на увозникот за тоа колку на извозникот му е потребна зделката во моментот, се најважните фактори коишто ќе одредат дали овој начин на наплата ќе биде предмет на договор или не. Кај овој начин на наплата, на извозникот ќе му бидат префрлени средства, дури откако ќе ја испорача стоката, со фактурата и останатата извозна документација, вклучувајќи го и товарниот лист. Оваа метода на плаќање е слична со методата на одложено плаќање на домашниот пазар, при што појдовна основа е довербата дека крајниот корисник ќе ги префрли средствата по определен период.



Доколку клиентот не сака да ја разгледа опцијата за делумно плаќање однапред може да се земе превид и опцијата за факторинг, услуга која овозможува продажба на производи и услуги на одложено плаќање, при што дел од средствата (80%) наведени во фактурата се добиваат веднаш. Факторингот е комбинација од кредитна заштита, регистар на побарувања, наплата на побарувања и финансиска поддршка за компаниите/трговските друштва со регистрирана дејност во земјата која врши извоз на производи и услуги на одложено плаќање, пократко од 180 дена.

# 5. ДОГОВОРНИ ОДНОСИ ВО ПРОМЕТОТ НА СТОКИ И УСЛУГИ

## 5.1. Трговски договор

Трговските субјекти во текот на своето работење секојдневно стапуваат во правниот промет и склучуваат најразлични видови на договори. Динамиката со која се одвива прометот на стоки и услуги неминовно води и кон постојано зголемување на трговските работи. Работите на трговскиот промет може да се поделат во два основни дела:

- трговски договори како работи во трговскиот промет и
- банкарски работи, како работи во прометот со пари.

Склучувањето трговски договори претставува секојдневна практика во работењето на трговските субјекти. Но, не секој договор кој што го склучуваат компаниите претставува трговски договор, бидејќи покрај трговските, компаниите склучуваат и други видови договори кои не може да се подведат под категоријата трговски договори.

## 5.2. Видови договори во меѓународното тргување

Македонското право познава повеќе видови на договори меѓу кои би можела да се направи дистинкција на облигационо правни и трговски договори, но сите се уредени во единствен правен пропис – Законот за облигационите односи. Сепак, за функционирање во надворешно-трговскиот промет за успешното водење на бизнисот и извозната ориентираност

на компаниите трговските односи често пати ги надминуваат границите на една држава.

Кај договорите со странски елемент честопати се поставува прашањето кое право ќе биде меродавно доколку настане спор во случај на повреда на таквиот договор. Поради тоа, овие договори содржат и клаузула за меродавно право со која се определува кое право ќе се примени во случај на спор во врска со тој договор. **Оваа проблематика во нашата земја е уредена со Законот за меѓународно приватно право.**

За договорите е меродавно правото што го избрале договорните страни, ако со законот или со меѓународен договор поинаку не е определено. Странките можат да одредат меродавно право за целиот договор или само за еден негов дел. Ако не е избрано меродавно право, за договорот е меродавно правото на државата со која тој договор е во најтесна врска.

Субјектите секогаш се залагаат спорот да биде решаван пред судот во нивната држава, сомневајќи се во непристрасноста и независноста на судот на државата на другата договорна страна. Со цел да се избегнат ваквите појави, во современото право се` поактуелно особено во однос на трговските односи станува спорот да се довери на решавање на арбитража.

Арбитражата претставува алтернативен начин за решавање на споровите која овозможува поефикасно и поекономично решавање на споровите во однос на државните судови. Брзата наплата на побарувањата, избегнувањето на строгите формалности на судската постапка, како и доверливоста во постапувањето се едни од карактеристиките на арбитражата, коишто бизнис заедницата ги препозна како корисни за надминување на споровите кои настануваат при секојдневното работење на компаниите и за создавање на поволно деловно опкружување.

# 6. УЧЕСТВО ВО НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКИОТ ПРОМЕТ

Надворешно-трговскиот промет на Република Северна Македонија со странство се одвива согласно одредбите на Царинскиот закон, Законот за царинска тарифа, Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, други прописи и спогодби кои Република Северна Македонија ги има склучено. Значајни за одбележување се меѓународните договори за одбегнување на двојното оданочување

**https://www.finance.gov.mk/mk/node/385**

и за поттикнување и заемна заштита на инвестиции

**https://www.finance.gov.mk/mk/node/4842**

Царинскиот закон ги уредува правата и обврските на лицата (физички и правни) и царинските органи во врска со стоката во патничкиот и стоковниот промет меѓу царинското подрачје на Република Северна Македонија и странските царински подрачја, а со Законот за царинската тарифа се пропишуваат правилата за начинот на пресметка на царинските давачки, системот на имиња на стоката која се увезува и извезува во нашата земја, тарифните броеви и тарифните ознаки и царинските давачки кои се применуваат.

Царинската управа е надлежна за спроведувањето на царинските прописи, односно спроведување царински надзор, царинска контрола и царинење на стоките. Согласно потребата на новото време во однос на изнаоѓање решенија кои ќе заштедат време и финансиски средства на клиентите, се наметна потребата од дигитализација на институциите.

Во областа на надворешно-трговското работење 16 институции во државата го користат електронскиот систем **EXIM**

кој претставува едношалтерски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти. Истиот преку користење на опцијата „Пребарување“ овозможува пребарување според тарифниот број на стоката и добивање информации за тоа кои дозволи се потребни за увоз, извоз или транзит, а преку опцијата „Тарифни квоти“, под „Пропишани количини на тарифни квоти“, информира за тоа кои тарифни квоти и од кои земји се достапни за распределба.




Согласно функционалноста на електронскиот систем EXIM, компаниите можат електронски да ги поднесат своите барања за дозволи за увоз, извоз и транзит и по електронски пат можат да ги добијат конкретните дозволи од страна на надлежните институции. Преку системот, подносителите можат да го следат статусот на процесирање на нивните барања, се` до нивното конечно издавање.

Преку EXIM увозниците исто така имаат можност електронски да поднесуваат барања за распределба на тарифните квоти достапни согласно трговските договори склучени од страна на Република Северна Македонија. Тарифните квоти на дневна основа се распределуваат според принципот „прв дојден, прв услужен“.

## 6.1. Царински постапки

Над стоките, кои се предмет на царинска контрола, се применуваат следните царински  постапки:

**Транзит** - Со транзитна постапка се одобрува движење од едно до друго место во рамките на царинското подрачје под контрола на царинскиот орган. Транзитните движење се вршат согласно дефинирани постапки пропишани во **Прирачникот за транзитна постапка од Царинска управа на РМ**.

**Увоз** - Стоката која е внесена во царинското подрачје е предмет на царински надзор од моментот на нејзиното внесување. Таквата стока може да биде предмет на контрола од царинскиот орган во согласност со важечките прописи. Стоката останува под царински надзор се` додека е потребно да се одреди нејзиниот царински статус.

**Извоз** - Со постапката за извоз, царинскиот орган одобрува домашна стока да се изнесе од царинското подрачје. Извозот вклучува примена на формалности за извоз и изнесување, мерки на трговската политика и ако е пропишано, плаќање давачки при извоз. Со извоз извезената домашна стока го менува статусот во странска стока.

**Декларација за извоз** - За стоката која се извезува се поднесува извозна царинска декларација, во писмена форма на образец ЕЦД. Извозната декларација се поднесува кај царинската испостава која е надлежна за надзор на местото каде што извозникот е регистриран или местото каде што се врши пакување или на товар на стоката за извоз.

# 7. СТАНДАРДИ

Стандардите и сертификатите се клуч за меѓународната конкурентност на производот.

Кога стандардот и сертифицираниот квалитет на еден производ ќе бидат когнитивно поврзани со одредена трговска марка или определено подрачје (земја), станува збор за брендирани производи.

Стандардизацијата на производите и услугите во Република Северна Македонија е регулирана со Законот за стандардизација, каде се уредува системот на стандардизацијата на производите, стоките и услугите („Службен весник на РМ“, број 54/2002, 84/12, 23/13, 41/14, 53/16 и 83/18”).

За извоз во земјите - членки на Европската унија задолжително треба да се има ЕС – Сертификат за контрола на фабричкото производство. Со овој сертификат производите ја имаат ознаката „CE“ и истата сведочи дека кај производот се применети директивите кои ги исполнуваат основните барања на ЕУ (за здравје и безбедност, оценка на сообразност за техничка документација како доказ за сообразност).

Национално тело за стандардизација во нашата земја е Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија (www.isrm.gov.mk).



# 8. БАР КОДОВИ

Примарната функција на бар кодот е пренос на податоци од местото од каде што потекнува производот до местото каде што се користат податоците. Бар кодот е витална врска во комуникацискиот синџир во која било софтверска апликација. Со цел производот да се најде во малопродажбата или да биде извезен, потребно е истиот да има бар код.

Идентификацијата и означувањето со симбол на трговската единица овозможуваат автоматизација на малопродажните наплатни места, приемот на производите, управувањето со залихите.

Броевите претставени во облик на бар кодови овозможуваат автоматско опфаќање на податоците на секое место на влез и излез на единицата.

**Пример за 7 цифрен GS1 компаниски префикс**

5 310001 000004

Бар кодовите се печатат заедно со другите информации дадени на пакувањето или етикетата се лепи на единицата на производната линија.

Структурите на податоците кои се дадени, гарантираат единственост ширум светот во рамките на соодветните подрачја на примена.

Суштествено значење бар кодовите имаат и во заштедите во целиот процес на синџирот на снабдување од аспект на следливоста производите и нанапред и наназад.

„GS1 Македонија“ е единствена организација овластена од „GS1“ - Глобалната канцеларија за доделување и управување со бар кодовите на територијата на Република Северна Македонија.

За да се добие бар код за трговски единици (производи или услуги) компанијата треба да се зачлени во „GS1 Македонија“ (www.gs1mk.org.mk). По зачленувањето, треба да се поминат десет чекори за да може да се користи бар кодот добиен од „GS1 Македонија“.

**Брошура за извоз**

# Насоки и совети за побрз и полесен извоз и настап на странски пазари